# Лишени од слобода две лица во Тетово и Гостивар, кај нив се пронајдени пиротехнички средства и други предмети, следуваат соодветни пријави

24/12/2025



На 23.12.2025 во 14:20 часот на ул.„Илинденска“ во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишија од слобода А.З.(52) од Тетово. При извршена контрола во неговиот продажен објект, биле пронајдени и одземени 12.507 разновидни пиротехнички средства, за кои не поседувал никакви документи. Исто така, во 16:30 часот полициски службеници од ОВР Гостивар, кај Градскиот пазар во Гостивар, го лишија од слобода Ј.М.(64) од Тетово затоа што бил затекнат како врши продажба на остри предмети, а при преглед во неговото товарно возило „форд“ со тетовски регистерски таблички биле пронајдени и одземени 2053 парчиња разновидни пиротехнички средства, разновидни ножеви и метални боксирачи. По целосно документирање на случаите, против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави по член 395 и член 396 од Кривичниот законик.











**Информации**

ул. Димче Мирчев бр. 9,
1000 Скопје, Република Северна Македонија
+389 (0)2 3 117 222
kontakt@moi.gov.mk



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
© 2025 Министерство за внатрешни работи. Сите права задржани.